Одлука бр.6

Управниот одбор на **Македонската тениска федерација** на својата седница одржана на ден 02.04.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**определување на висината на надоместокот за тренери**
**кои водат репрезентации на меѓународни турнири во 2018 година, за тренери кои работат со играчите за време на официјалните тренинг кампови**

Бр. 0202-7/6
02.04. 2018 год.
СКОПЈЕ

Член 1

Тренерите кои ќе ги водат репрезентациите на меѓународните турнири во 2018 година ќе добијат надоместок (дневно) од:

| ТУРНИРИ | Тренер Ниво 1 | Тренер Ниво 2 | Тренер Ниво 3 |
|---|---|---|---|
| | **EUR** | **EUR** | **EUR** |
| - **ITF/TE Development Championship do 14 г. (Источно европско)**<br>- **ITF/Tennis Europe Training Camp до 12 г. (Тренинг Камп до 12 години)**<br><br>- Европско 14, 16 и 18 год.<br>- **ITF/TE Тренинг кампови**<br>- Балканијада<br>- Сите останати репрезентативни настапи освен **Davis Cup i Fed Cup** | 30 | 40 | 50 |
| **Davis Cup i Fed Cup** | 50 | | |

Член 2

Тениските и кондиционите тренери кои ќе работат со играчите за време на официјалните тренинг кампови во 2018 година ќе добијат надоместок (дневно) од:

| Настани | Надомест за тренер или кондиционен тренер |
|---|---|
| | **EUR** |
| Тренинг кампови за подготовка пред јуниорки репрезентативни настапи (надомест за тренер) | 10 |
| Тренинг кампови за подготовка пред **Davis Cup i Fed Cup** (надомест за тренер) | 20 |

Член 3

Сите горенаведени суми (во денарска противвредност), се бруто исплати што треба да се исплатат кон тренерите.

Член 4

За тренерите кои водат репрезентации, МТФ е должна да обезбеди: Превоз до местото на одржување на турнирот и локално клуб-хотел-клуб, храна, сместување и финансиска надокнада на евентуална промена на карта за порано или покасно враќање.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2018 година.

Македонска Тениска Федерација
Претседател на Управен одбор
Жарко Луковски

Скопје, 02.04.2018 година